Врз основа на член 22 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/96, 28/97 и 18/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.07.1999 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА АКУМУЛАЦИЈАТА КОЗЈАК

Член 1

Со оваа одлука се донесува Просторен план на регионот на акумулацијата Козјак.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Предлог Просторен план на регионот на акумулацијата Козјак изготвен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистичи планови, од месец јули 1999 година, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам и градежништво.

Просторниот план содржи текстуален и графички дел.

**А. Текстуалниот дел содржи:**

**В О В Е Д**

**ПЛАН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

1. Положба и граници на опфатот
2. Цели и задачи на планот
3. Проекција на населението
4. План за развој на населени места
5. Домување
6. Јавни функции
7. Стопански дејности
8. Намена и користење на земјиште
9. Инфраструктурни системи
10. Заштита на животна средина
11. Одредби за спроведување на планот

**Б. Графичкиот дел содржи:**

1. Положба на регионот Козјак во рамките на Републиката ............................... 1:750.000
2. Положба на регионот Козјак ........................................................................ 1:200.000
3. План за организација на инфраструктурата ...................................................... 1:50.000
4. План за намена на површини ........................................................................ 1:50.000
5. План за организација на туризмот и јавните функции ...................................... 1:50.000

Член 3

Се усвојува Извештајот од одржаната стручна расправа по Нацрт-Просторниот план на регионот на акумулацијата Козјак изработен од Министерството за урбанизам и градежништво.

Член 4

Се овластува министерот за урбанизам и градежништво да ги завери графичките прилози на Просторниот план на регионот на акумулацијата Козјак.

Член 5

Просторниот план на регионот на акумулацијата Козјак го чува и спроведува Министерството за урбанизам и градежништво.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3851/1
27 јули 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.